JP" GRADSKI GROBI[TA" OHRID

Tel/fah:267-268 Gradski Grobi{ta :E-mail:
@iro smetka : 250-0010027099-66 Dan. br.:4020010514318
Deponent :[parkase Banka" - Ohrid

# И З В Е Ш Т А Ј

**од работењето и остварените резултати на**

***J.П. ГРАДСКИ ГРОБИШТА-ОХРИД***

***ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2020 ГОДИНА ДО 31.12.2020 ГОДИНА***



**ФЕВРУАРИ , 2021**

# ***<u>ЈП ГРАДСКИ ГРОБИШТА ОХРИД</u>***

## ОСНОВАЊЕ И ДЕЈНОСТ

Јавното претпријатие за управување со Градски гробишта Охрид основано е од страна на Советот на Општина Охрид со одлука бр. 07-2152/20 од 30.08.2010 година. Имајќи го во предвид карактерот на дејностите кои ги врши ЈП Градски Гробишта Охрид претставува претпријатие од посебен јавен интерес за Општина Охрид.

ЈП Градски Гробишта Охрид се грижи за целосно задоволување на потребите на граѓаните и тоа како за потребите од доделување на право на употреба на гробни места , така и за давање на што е можно поквалитетни услуги од опсегот на опфатените дејности.

Градските Гробишта со површина од околу 165.000 м2 се лоцирани на локалитетот Плитници на излезот од Охрид. Со проектот Гробишта кој се одвива во повеќе фази : најпрво се изградени основните потребни објекти, паркинг простор, пристапни патеки, управна зграда, мртовечница како и голем дел од гробни места.

Гробиштата ги користат граѓаните и од христијанската и од муслиманската вероисповед функционално поделени во соодност на бројот на жители од соодветна вероисповед. Изграден е објектот Црква во која веќе се

извршуваат обреди за починатите со што е комплетиран делот на услуги што се даваат во Градските Гробишта.

Јавното претпријатие за управување со гробишта ЈП Градски Гробишта Охрид како единствен управител на градските гробишта во Охрид ги врши следните работи :

- Изготвува план за уредување на гробиштата ;
- Изготвува проект за парцелизација и начин на доделување на гробно место во согласност со планот и динамиката на реализација на урбанистичкиот план ;
- Доделува гробно земјиште ;
- Врши изградба , реконструкција , уредување и одржување на гробиштата ;
- Води дневник и регистар на сите потребни лица ;
- Воспоставува и води евиденција на носител на гробно место ;
- Извршување на градежни оперативи : поплочување околу гробните места , лиење фундаменти , изработка на партерни плочки , ивичнаци , украсни ступчиња , жардинерии, бетонски корпи
- Изработка , испишување , монтажа на споменици , полирање на елементи од споменици
- Давање под закуп на простор – ресторан , тезга за свеќи , тезга за цвеќе и паркинг простор ( полигон за обука на возачи)
- Хортикуларно одржување и облагородување на парковскиот појас околу гробните места и парковскиот дел и други дејности кои се во склоп на ова јавно претпријатие
- Техничко-технолошко и економско единство на системот ;
- Ефикасност во работењето ;

- Усогласеност на сопствениот развој со вкупниот развој на општината ;
- Заштита и унапредување на добрата од општ интерес ;
- Трајно , уредно и квалитетно задоволување на потребите на корисниците на услугите и
- Самостојност во рамките на системот и функционалната поврзаност во рамките на општината.

***ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ***

Јавното претпријатие се организира на начин со кој се обезбедува :

- Ефикасност во работењет
- Усогласеност на сопствениот развој со вкупниот развој на општината
- Заштита и унапредување на добрата од општ интерес
- Трајно, уредно и квалитетно задоволување на потребите на корисниците на услугите и
- Самостојност во рамките на системот и функционалната поврзаност во рамките на општината.

Јавното претпријатие Градски Гробишта Охрид во 2020 година процесот на работа во претпријатието го организира на ниво на сектори и одделенија.

Во секторите и оделенијата постојат облици на работно организирање, во кои се обавува процесот на работа,а кои се утврдени со Правилникот за внатрешна организација и со Правилникот за систематизација на работните места.

Секторите и оделенијата на Претпријатието немаат својство на правно лице, а со тоа ни своја жиро сметка.

1. ***Сектор гробишта,одржување на животна средина и градежништво*** во чии рамки процесот на работа ќе се одвива во две оделенија и тоа:

- ***"Одделение за гробишта,градежно одржување и каменорезачки работи"*** – во кое ќе се врши изградба и реконструкција на гробишта со придружни објекти и изградба и уредување на улици ,патеки и зеленило ,производство на градежни елементи и производи од бетон ,нискоградба, производство од браварско столарско и столарско занаетчиство ,изградба,обработка и производство на други видови производи од мермер и гранит и други услуги .

 





- ***Одделение за хортикултура и одржување*** – Ќе врши одржување на јавната чистота, одржување на улици и придружни патеки зелени површини, косење, метење, миење, хортикултурно облагодарување и оплеменување на просторот, одржување на инсталации и други услуги

-

-

-  

-Одделение за каменорезачки работи – изградба и одржување на надгробни споменици, изработка , обработка и производство на други видови производи од мермер и гранит и други услуги ;



2. **Сектор за финансиско работење** во чии рамки процесот на работа ќе се одвива во три одделенија и тоа:

- “***Одделение за наплата и услуги***” - доделување на гробни места, водење на евиденција за погребани лица, водење евидеција за носителите на гробни места, контрола на организација на погреби и работа на погребалните оператори, комора, капела, фактурирање и наплата на услуги, дистрибуција и наплата на фактури и сметки, прима барање од корисниците на услугите и во соработка со другите организациони единици обезбедува брз и ефикасен одговор, го организира работењето на шалтерите за наплата, изготвува информации, извештаи и анализи, ја комплетира целокупната документација потребна за подготовка на предмети за утужување, предлага интерни процедури и упатства за работа, предлага мерки за подобрување на наплатата и дава предлог решенија во однос на претставки и рекламации на корисници, обезбедува и ажурира potребни податоци за корисниците на услуги и ги внесува во база на податоци, изготвува и доставува одобренија, задолженија и дополнителни сметки за корисниците и друго.

  “***Одделение за јавни набавки***” - Ги евидентира потребите за набавка од секторите и одделенијата; Ја координира подготовката на планот за јавни набавки; Изготвува одлуки за јавни набавки; Објавува огласи за јавни набавки, известување за склучени договори и периодична евиденција на набавките на ЕСЈН; Ја советува комисијата при спроведување на постапки за доделување на јавни набавки; Подготвува соодветни акти врз основа на извештаи од спроведени постапки; Дава насоки и упатства во врска со жалбена постапка во соработка со комисијата за јавни набавки; набавка на материјали, магацинско работење и друго.

- ***“Одделение за финансии”*** – планирање на финансиското работење, водење посебно сметководтсво, изработка на годишни и периодични пресметки, фактурирање, евиденција, ликвидирање на фактури,

ажурирање на податоци, платен промет, планско аналитички и статистички работи, води финансиска и материјална евиденција за влез и излез од магацините на претпријатието, води евиденција и врши пресметка и исплата на плати и други надоместоци за вработените во Претпријатието, членовите на Управниот Одбор и Надзорниот Одбор и други работи.

- **Сектор за правни, кадрови и општи работи** во чии рамки процесот на работа ќе се одвива во две одделенија и тоа:

- "***Одделение за општи и правни работи***" - изготвување на општи и поединечни акти, предлог Статут, Деловодник, припрема на предлог одлуки и одлука, заклучоци и други акти и материјали за Управен и Надзорен Одбор, записници од седници, колегиуми, по потреба покренува судски, управни и други постапки и го застапува претпријатието пред надлежни органи, архивски работи, осигурување и други работи.

- "***Одделение за човечки ресурси***" -водење на кадровска политика и евиденција, ги води персоналните досиеја на вработените, подготвува акти поврзани со распоредување, плати, годишни одмори и други отсуства, престанок на работен однос, подготвува предлог годишна програма за обука на вработените и води евиденција за реализирани обуки, оценување на административни службеници, врз основа на законски барања и потребите од управување со човечки ресурси подготвува статистички и други извештаи и анализи, технички работи околу прием на работници, социјална политика, заштита при работа и други работи.

## ***Број на вработени и квалификациона структура***

Бројот , динамиката и квалификацијата на вработените во Ј.П. Градски Гробишта – Охрид за пресметковниот период од 01.01.2020 - 31.12.2020 год.прикажани се во следната табела :

| mesec god. | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2019 | 56 | 56 | 58 | 57 | 57 | 57 | 56 | 56 | 56 | 57 | 58 | 57 |
| 2020 | 59 | 59 | 60 | 60 | 60 | 60 | 59 | 59 | 59 | 59 | 58 | 57 |

Моментално од бројот на вработени прикажани во табелата ,49 вработени се на неопределено работно време а 8 се вработени на определено работно време.

Од кои со основно образование се 11 вработени, со средно образование се 40 вработени и 5 вработени со високо образование и 1 магистар на науки.

# ***<u>ОСНОВИ ЗА ПОДГОТОВКА И ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ</u>***

ЈП Градски Гробишта ја води својата сметководствена евиденција и ги подготвува своите законски финансиски извештаи во согласност со Законот за трговски друштва и Меѓународните стандарди за финансиско известување МСФИ кои се применуваат во Република Македонија(Правилникот за водење сметководство Сл.Весник на РМ бр 159/09 и 164/10).

## ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

### *Признавање на приходи*

Приходите се мерат според објективната вредност на надоместокот кој што е примен или се побарува.Приходите од извршените услуги се искажуваат според објективната вредност на примениот надоместок или побарување кое ќе се прими и претставуваат износи кои се добиваат од извршени услуги во текот на редовното работење. Приходот од продажба на услуги се признава кога ќе бидат исполнети сите од следниве услови:

- Износот на приходот може веродостојно да се измери;
- Веројатно е дека економските користи поврзани со трансакцијата ќе претставуваат прилив за Друштвото; и
- Трошоците кои се направени или треба да бидат направени во врска со трансакцијата можат веродостојно да се измерат.

Приходите се евидентирани со примена на принципот на фактичност на настаните,односно се евидентираат во моментот на нивното настанување.Приходите се евидентирани по фактурна вредност,намалена за одобрените попусти и данок на додадена вредност.

***Утврдување на трошоци***

Расходите се дефинираат како намалување на економските користи,потребни да се изврши работењето,односно трошоци за опслужување на корисниците.

***Користи за вработените***

Придонесите за здравствено,пензиско и социјално осигурување од бруто плата и нето плата се плаќаат од страна на ЈП Градски Гробишта според законските прописи.Ваквите придонеси се признаваат како трошок кога вработените извршуваат услуги.

***<u>Даноци</u>***

***Тековен данок на добивка***

Трошокот за данокот на добивка за 2020 година се состои од тековен данок на добивката зголемен за непризнатите расходи во текот на годината. Даночната стапка е 10%.

Плаќањето на данокот на добивка произлегува од основицата искажана во ДБ а месечните аконтации врз основ на таа основа се плаќа најкасно до 15 ти во месецот.

***Данок на додадена вредност***

Приходите,трошоците и средства се признаваат во износ намален за данокот на додадена вредност,освен :

- кога данокот при набавка на средството или услугата не може да се врати од даночните власти, во тој случај се признава како дел од набавната вредност на средството или дел од трошокот; и
- за побарувањата и обврските кои се прикажани со вкупен износ на данок на додадена вредност.

## Недвижности и опрема

Недвижностите и опремата се евидентира по набавна вредност намалена за акумулираната амортизација и акумулираната загуба поради оштетување.

Трошоците за редовно одржување и поправки на опремата се евидентираат на товар на билансот на успех во моментот на нивното настанување.

Амортизацијата се пресметува на набавната вредност на средството,земајќи го во предвид проценетиот век на користење, со употреба на праволиниска метода.

Проценетите годишни стапки на амортизација се како што следи

| | |
|---|---|
| Недвижности | 2.5% |
| Опрема и деловен инвентар | 10-20% |
| Компјутерска опрема | 25% |

Кога амортизираните средства се ставаат вон употреба ,или на било каков начин се отуѓуваат,соодветната набавна вредност и исправката на вредноста се елиминираат од соодветните сметки.

Капиталните добивки или загуби реализирани со отуѓувањата се признаваат како приход или трошок во билансот на успех.

## Финансиски инструменти

### *Побарувања од купувачи и останати побарувања*

Побарувања од купувачи и останати побарувања се искажани по нивната номинална вредност намалена за исправка на вредноста на основа на проценка околу нивната веројатна ненаплатливост.

### *Пари и парични еквиваленти*

Парите и паричните еквиваленти се состојат од денари по видување во банка и благајна.

*Обврски спрема добавувачите и останатите тековни обврски*

Обврските кон добавувачите и другите обврски се прикажуваат според објективната вредност.

***Објективна вредност***

Во Република Македонија не постои доволно пазарно искуство,стабилност и ликвидност за купувањата и продажбите на побарувањата како и на другите финансиски средства и обврски со оглед на тоа дека постојат недоволно објавени пазарни информации.Како резултат на оваа објективна вредност не може веродостојно да се одреди во отсуство на активен пазар.

## Финансиски извештаи

Во извештајот за финансиската состојба се прикажуваат средствата,обврските и главнината на конкретен датум.

Средствата и обврските се прокажуваат како тековни и нетековни (краткорочни и долгорочни).

Вредноста на средствата е еднаква на збирот на обврските и главнината .

Во извештајот за сеопфатна добивка и биланс на успех се вклучени сите приходи и расходи направени во текот на годината.

***Финансиска анализа за 2020 год во однос на 2019 година за период (01.01-31.12)***

| Извештај за извршена наплата на такса за гробарина | | | |
|---|---|---|---|
| **година** | **број на сметки** | **износ** | **Наплатени** |
| **2019** | **9.798** | **5.367.915** | **3.762.183** |
| **2020** | **10.080** | **5.457.890** | **3.833.533** |

Во 2020 година од издадени сметки за гробарина бр.10.080 наплатени се 70,24% и очекуваме останатиот дел да биде наплатен во следнава година. А vo 2019 година од издадените сметки 9.798 наплатени се 70.09 % .

## Common-size анализата

**Вертикален common-size** Извештај за финансиската состојба за делот на активата/вкупни средства за период од 01.01.2019-31.12.2019 во однос со 01.01.2020-31.12.2020 год.

| Преглед за период 01.01-31.12.2020 на Извештај за финансиската состојба | | |
|---|---|---|
| | **2019** | 2020 |
| **Парични средства** | 2.316.388 | 3.622.068 |
| **Побарувања** | 9.855.840 | 9..082.749 |

Од табелата се гледа дека 2020 година е подобра во делот на паричните средства,а побарувањата од купувачи во однос на 2019 год. се помали.

ПРЕГЛЕД НА ПОБАРУВАЊА ЗА 2018 ГОДИНА

| | **2019** | **2020** |
|---|---|---|
| Побарувања од правни лица | 3.268.652 | 2.310.429 |
| Побарувања од физички лица | 6.202.889 | 6.138.244 |
| Тужени побарувања | 222.579 | 446.559 |
| Отпишани побарувања од минати години | 161.720 | 187.517 |
| ВКУПНО ПОБАРУВАЊА | 9.855.840 | 9.082.749 |

| **Преглед за период од 01.01-31.12 -Биланс на успех-приходи** | | | |
|---|---|---|---|
| конто | | **2019** | **2020** |
| 7400 | Приходи од гробни места | 7.749.973 | 9.221.240 |
| 7401 | Приходи од услуга гробарина | 5.010.085 | 5.203.406 |
| 7402 | Приходи од монтажа на споменици | 20.400 | 9.000 |
| 7403 | Приходи од испиш.ниверирање,поплочување | 1.211.959 | 1.198.642 |
| 7404 | Приходи од монтажа на клупи и даски | 26.394 | 14.880 |
| 7405 | Приход од влез за монтажа на споменик | 370.200 | 451.200 |
| 7406 | Приходи од капела комора | 1.023.560 | 1.072.890 |
| 7407 | Приход од лепење на слика и освежување на буква | 2.135 | 5.280 |
| 7408 | Приходи од надворешни услуги | 6.006.479 | 4.413.267 |
| 7409 | Приход-фундамент поплочување и клупа ок.гроб | 3.044.340 | 3.938.760 |
| 7410 | Прих.од услуга општ и кв.работник | 10.290 | 94.381 |
| 7411 | Прих. Од полирање на плочки | 2.400 | |
| 7471 | Приходи од наем на ресторан | 1.179.000 | 600.416 |
| 7472 | Приходи од наем на тезги | 1.015.363 | 488.078 |
| 7474 | Приходи од полигон за обука на воз.испит | 413.400 | 299.007 |
| 7479 | Останати прих.од наемнина (режиски трошоци ) | 40.824 | 27.449 |
| 7640 | Вишоци | | 234.406 |
| 76501 | Прих.од напл.побарувања од претх.години | | 891.566 |
| 7651 | Приходи од отпис на обврските | 111.919 | 543.556 |
| 7652 | Приходи од тужени комитенти | 378.863 | 242.878 |
| 7671 | Приходи од субвенции - гробарина | 94.200 | 739.500 |
| 7690 | Ostanati prihodi od raboteweto | 8.286 | 1.336 |
| 7700 | Приходи од продаж.на пост.имот | | |
| 7701 | Приходи од банкарски камати | 1 | |
| 7703 | Приходиод камата за ненаврм.пл | 102.611 | 91.158 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **Вкупно :** | **27.822.682** | **29.782.296** |

Во табелата се претставени приходите по видови во однос на 2020 со 2019 година. Во 2019 год.имаме приходи од услуга за гробарина, приходи од надворешни услуги, приходи од наем на тезги и од приходи од камата за навремено плаќање.

## ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ТРОШОЦИ ОД 01.01 – 31.12.2020

| Конто | Име на конто | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|
| **4000** | Трошоци за суровини и материјали | 3.332.298 | 3.681.497 |
| **4010** | Трошоци за канцелариски материјали | 99.464 | 55.772 |
| **40110** | Трошоци за материјали ( репроматеријали) | 214.173 | 219.749 |
| **4013** | Трошоци за средства за хигиена,дератизација и дезинфекција | 38.752 | 14.249 |
| **40130** | Трошоци за хортикул.уредување и украсување | 23.229 | 37.138 |
| **4014** | Трошоци за работна облека ( хтз опрема) | 6.386 | 44.000 |
| **4030** | Трошоци за енергија | 423.552 | 292.628 |
| **4034** | Потрошено гориво за патнички возила и раб.машини | 262.684 | 168.859 |
| **4035** | Потрошени дрва брикети јаглен | 69.930 | 68.946 |
| **4053** | Потрошени резервни делови за одржување и попр. | 123.702 | 70.523 |
| **4080** | Трошоци за ситен инвентар | 88.582 | 34.601 |
| **41092** | Трошоци за услуга со товарно моторно возило | 59.529 | 39.637 |
| **4110** | Трошоци за фиксен телефон и интернет | 41.578 | 25.845 |
| **4111** | Трошоци за мобилен телефон | 103.204 | 78.372 |
| **4113** | Трошоци за поштенски услуги | 69.598 | 23.343 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **4124** | Услуги за изработка на производи по нарачка | 35.752 | 12.045 |
| **4131** | Трошоци за одржување на софтвер | 64.926 | 75.481 |
| **4140** | Наем на деловни простории во земјата | 71.038 | 77.496 |
| **4150** | Комунални услуги-подигање на ѓубре,ниско градба,потрош.вода | 37.572 | 38.926 |
| **4160** | Трошоци за истражување и развој | 10.974 | |
| **4170** | Трошоци за реклама,пропаганда , промоција | 238.475 | 240.000 |
| **4190** | Трошоци за регистрација на возила | 47.521 | 52.487 |
| **4192** | Трошоци за останати услуги | 107.396 | 36.741 |
| **4210** | Плата и надоместоци на плата – бруто | 16.431.896 | 19.481.281 |
| **4221** | Трошоци за регрес на вработени | 514.920 | 189.981 |
| **4321** | Трошоци за амортизација | 152.107 | 227.175 |
| **4400** | Дневници за службени патувања,ноќевања и патни трошоци | 41.740 | 11.418 |
| **4410** | Надомест на трошоци на вработени | 5.941 | |
| **44110** | Отпремнина за починати | 134.529 | 204.087 |
| **4411** | Опремнина за пензија | 231.422 | 167.152 |
| **44141** | Трошоци за семинари и советувања и др.обуки | 3.500 | |
| **4420** | Трошоци за надомест на членови на управен и надзорен | 566.674 | 444.079 |
| **4436** | Трошоци за донации и спонзорство | 105.000 | 80.000 |
| **4440** | Трошоци за репрезентација | 56.126 | 39.371 |
| **44502** | Трош.за осигурување на возила | 10.287 | 4.982 |
| **4460** | Банкарски услуги и трошоци за платен промет | 110.225 | 132.214 |
| **4471** | Членарини на здруженија | 59.614 | 50.160 |
| **4473** | Надомест за јавна чистота | 9.000 | 9.000 |
| **44761** | Административна такса – централен регистар катас | 3.172 | 3.770 |
| **4477** | Комунални и еколошки такси | 6.672 | 6.882 |
| **4490** | Договор на дело | 1.556 | |
| **44900** | Консултантски услуги | 52.149 | 67.464 |
| **44910** | Останати трошоци – елаборат, геодет | 16.000 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **44901** | Сметководствени услуги | 178.467 | 180.000 |
| **449020** | Адвокатски услуги | 268.428 | 192.000 |
| **449021** | Нотарски услуги | 250.925 | 375.715 |
| **44910** | Трошоци за весници списанија и др. Прирачници | 63.063 | 4.237 |
| **44930** | Судски такси и др. Судски трошоци | 95.010 | 98.147 |
| **449023** | Трошок за спорни предмети по пресуди | | 875.701 |
| **44940** | Трошоци за огласи и разни такси | 104.292 | 55.000 |
| **44906** | Трошоци за сертификати | 64.575 | 10.430 |
| **4540** | Вредносно усогласување на побарувањата | 161.720 | 187.517 |
| **46901** | Трошоци за спорови – извршни | 147.695 | 270.975 |
| **4699** | Вонредни расходи | 1.245 | |
| **4692** | Дополнително утврдени расходи од претх.година | 403.316 | 175.436 |
| **4794** | Камата за ненавремено платени сметки | 1.798 | 746 |
| **4842** | Камата за јавни давачки за ддв | 147.393 | 1.430 |
| | ***Вкупно*** | 25.970.772 | 28.934.685 |

Вкупните трошоци во 2020 година се поголеми во однос на 2019 година.

| Преглед на трошоци за плата и м-ли-градежни | | |
|---|---|---|
| | 2020 | 2019 |
| трошоци за плата | 19.481.281 | 16.431.896 |
| трошоци за м-ли - градежни | 3.681.497 | 3.332.298 |

Од табелата  на трошоците за плата и трошоците за матријали -градежни споредбено 2020/2019 година може да се види дека  во 2020 година трошоците за плата и  трошоците за градежни материјали се поголеми  во однос на минатата година.

## ***Финансиски индикатори***

**Односите за активност** укажуваат колку ефикасно се искористени средствата на компанијата  и затоа често се нарекуваат односи за користење на управување со средствата. Оваа категорија на односи мери колку успешно  се менаџирани со различни активности  односно како се управува со средствата.

| Преглед на обврски | | | |
|---|---|---|---|
| | **2020** | **2019** | |
| обврски кон добавувачи | 2.401.254 | 2.536.706 | |
| обврски кон вработени | 85.476 | 117.520 | |
| даночни обврски | 159.975 | 129.287 | |
| **Вкупно** | **2.646.705** | **2.783.513** | |

***Паричните наплати од купувачи***

Кога побарувањето ќе бидат наплатени,тие стануваат парични приливи, од таа причина неможеме да ги третираме побарувањата како автоматски прилив на пари ,побарувањата може да бидат и ненаплатливи , продажбата од претходен период може да биде наплатена во тековен период ,или продажба од тековен период наплатена во иден период.

***Парични исплати***

Исплати за оперативни трошоци влегуваат платите,трошоците за управен и надзорен одбор,патни трошоци,банкарски провизии.

***Управување со кредитен ризик***

Кредитниот ризик се однесува на ризикот од неисполнување на договорените обврски ,што би резултирало со финансиска загуба за претпријатието.

***Управување со ликвидниот ризик***

Ризикот од ликвидност претставува ризик дека претпријатието ќе се соочи со потешкотии во обезбедување средства за исполнување на паричните обврски поврзани со финансиските инструменти. Ликвидоносниот ризик може да биде резултат на неможноста да се продадат финансиски средства по нивната објективна вредност,неспособност да се подмират обврските кои произлегуваат од договорите,обврските доспеале порано за исплата од очекуваното,или неспособност де се генерираат парични средства според предвидувањата.

За изготвување на извештајот за работата во период 01.01.2020 - 31.12.2020 год .користени се обработени документи во секторот за финансиско работење- одделение за финансии.

Во остварување на приходите најголемо учество имаат:приходите од продажба на гробни места, приходите од гробарина, приходи од капела и комора, приходи од испишување, нивелирање, поплочување , тужени побарувања .

Кај расходите најголемо учество имаат платите за вработените,при што поаѓајќи од тоа дека за да оствариш приход во своето работење а подоцна и добивка потребно е да се направат одредени трошоци дирекно поврзани со приходи.

И покрај сите трошоци во овој период од **01.01.-31.12.2020 год**. ЈП Градски гробишта има **добивка од редовното работење од 847.611,00 ден.** Истата ја намалуваме за данокот на добивка и данокот на непризнати расходи во вредност од 116.051 ден. **Нето добивката за 2020 год**. **изнесува 731.560 ден.**

Во 2020 година ЈП Градски гробишта ги подмирува навремено своите обврски кон различни добавувачи , обврските кон вработените и други слични обврски кои ќе настанат во текот на континуираното работење.

## Планирани активности

Приоритетни задачи за 2021 година на “ЈП Градски Гробишта” Охрид, доколку постојат финансиски можности се следните :

1. Долгорочен закуп на земјиште заради оформување на нови гробни парцели (постапка која што веќе е започната во смисла на доставена потребна документација до надлежните органи на локална Самоуправа Охрид.

2. Водоводно решение за ново гробно поле и проширување на водоводната мрежа во муслиманскиот дел доколку постојат услови и можности.

3. Електрификација на градските гробишта доколку постојат услови и можности и

4. Канализациона мрежа за дождовни води доколку постојат услови и можности.

**ЈП Градски Гробишта Охрид**
**Директор**
**Дип.инж. Ванчо Костоски**

________________________________